Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт и врски на ден____________ година, донесе

## ОДЛУКА ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА

1. За планскиот документ Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 10д, Делница на автопат: Прилеп-Битола, Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола (km 7+825,81 – 37+072), кој го донесува Министерството за транспорт и врски, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 10д, Делница на автопат: Прилеп-Битола, се определуваат: Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола(km 7+825,81 – 37+072),, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство, Министерство за здравство, Министерство за економија, Дирекција за заштита и спасување, А.Д. „Водостопанство на Република Македонија“, ЕВН, МЕПСО, Македонски телекумуникации, А1, Комунални претпријатија, здруженија на граѓани, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор и др.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од Член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината на образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола, нема значително влијание врз животната средина од следните причини: Изградбата на патен Коридор 10д, Делница на автопат: Прилеп-Битола, согласно проектното решение го прати постојниот пат кој што асфалтиран и во употреба, додека теренот, на целиот дел на трасата е рамничарски и се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социо-економски развој.

4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната http://mtc.gov.mk.

Министер

Благој Бочварски

Бр. 67-3990/4

06. 10. 2023 година

Скопје